СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 48. седница**
**26.5.2021 година**
**Точка на дневен ред бр. 9**

# ОДЛУКА

## за усвојување Деловник за работа на Собрание на акционери на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2021 година**

Врз основа на член 45 став 1 точка 10 од Статут на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола на својата 48. редовна седница одржана на ден 26.5.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола.

**Член 2**

Текстот на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола претставува прилог и составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Со влегувањето во сила на овој Деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Собранието на Стопанска банка а.д. Битола СО бр.02-10095/1/II-3-1 од 17.5.2017 година.

СО бр.02-8767/1/II-9

Битола, 26.5.2021 година

Стопанска банка а.д. Битола

Собрание на акционери
Претседавач

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1

**Образложение**

Во согласност со Статутот на Банката и Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“, бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.101/19), Собранието на акционери е орган на управување на Банката. Акционерите на Банката ги остваруваат своите права и интереси во Банката на Собранието на акционери на Банката.

Надлежностите на Собранието и неговото работење се генерално регулирани со Статутот на Банката, а подетално со Деловникот за работа на Собранието на акционери.

Со Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола поблиску се регулира начинот на работа на Собранието на акционерите, како и други прашања од значење за работата на Собранието, свикување на седниците, пријавување на евиденцијата за присуство, кворумот за работа и мнозинството со кое се одлучува, водење на седниците, продолжување прекината седница, начин на гласање, спроведување тајно гласање и записник од одржаните седници на Собранието на акционери на Банката.

Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола претставува ревидирана верзија на постоечкиот акт со кој се врши негово усогласување со Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), СО бр.02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година.

Со влегувањето во сила на овој Деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Собранието на Стопанска банка а.д. Битола СО бр.02-10095/1/II-3-1 од 17.5.2017 година.